# НОВО ВРЕМЕ

# ВО ГАЗИ БАБА

## ЕДНА ГОДИНА ОТЧЕТ 2021 - 2022




Општина
Бутел
Општина
Липково
Општина
Чучер-Сандево
Општина
Арачиново
Општина
Илинден
О.
Чаир
О.
Центар
О. К. Вода
О.
Карпош
Општина
Аеродром
О. Сопиште
О.
Студенич.
О. Петровец
Раштак
Булачани
Виниче
Црешево
Страчинци
Смилковци
Брњарци
Стајковци
Сингелиќ
Ченто
Инџиково
Гази Баба
Маџари
Трубарево
Гоце Делчев
Ѓурумлери
Колонија
Идризово
Општина
Гази Баба
рур. нас. место
урбано подрачје
општ. граница
атар
општ. седиште
општина
* Урбаните подрачја опфаќаат разни градски населби кои не се прикажани на картата.

Почитувани сограѓани,



Измина една година од денот кога Вие на локални избори ми ја дадовте довербата да бидам градоначалник на општина Гази Баба. Силната поддршка на изборите кај мене предизвика силно задоволство за укажаната чест, но пред и над се тоа за мене преставува огромна одговорност да се води општина Гази Баба и да се работи за доброто на својот народ.

Предизборната програма со која ја побарав Вашата доверба ја преточив во програма за работа на општина Гази Баба во следните четири години. Денес, 365 дена потоа можам со гордост да кажам дека над 40% од ветените проекти во програмата се реализирани или отпочнати уште во првата година од мојот мандат.

Со целата своја одговорност можам слободно да кажам дека изминатата година работевме одговорно и посветено. Бевме заедно со граѓаните во решавањето на секој проблем. И токму тоа е основниот постулат на концептот "Ново време во Гази Баба", граѓаниот да го има првиот, но и последниот збор.

Почитувани граѓани,

Пред Вас е отчетот за сработеното во првата година од мојот мандат за градоначалник на општина Гази Баба.

На 80 страни во овој отчет се забележани сите реализирани и започнати проекти, сите настани, активности и средби.

Во само една година реализиравме вкупно 210 нови проекти. Денес како никогаш досега се работи на решавање на децениските проблеми со кои се соочуваат граѓаните. Нема населено место во кое во изминатата година не се реализирани одредени градежни активности.

За една година изградивме 9170 метри нова мрежа на фекална канализација во населените места Гоце Делчев, Црешево, Јурумлери,

Смилковци и Страчинци. Асфалтиравме локални улици во Јурумлери, Кирил Петрушевски, Инџиково, Булачани, Стајковци, Трубарево, Ергеле, Идризово, Колонија, Ченто и други населени места со вкупна површина од 15.863 метри квадратни. Изградивме нов мултифункционален парк во Маџари – Триангла на површина од над 2000 метри квадратни во чии рамки има фитнес зона на отворено, детско катче, парк за миленици, летниковци и урбана опрема. Нов парк добија и жителите на Ченто веднаш до ООУ Крсте Мисирков на површина од 5000 метри квадратни, додека комплетно го реконструиравме паркот Склуптура во Автокоманда. Реализиравме инвестиции во спортската инфраструктура преку изградба на спортски терени на тартан подлога во Ченто, Железара, Маџари, Гоце Делчев, Колонија, Кирил Петрушевски и Керамидница, два спортски терени на вештачка трева во Стајковци и Страчинци. Комплетно ги реконструиравме кошаркарските игралишта во Ченто и Ергеле. Инвестиравме и во создавањето подобри услови за образование и воспитание на нашите најмили. Ги реконструиравме училишните сали во ООУ Дане Крапчев во Ченто и ООУ Григор Прличев во Железара, а повеќе училишта добија опремени кабинети за практична работа за предметите од природни науки. Во ООУ Стив Наумов отворивме катче за учење и рекреирање на учениците помеѓу часовите. Воведовме мерка за награда на учениците на генерација. Социјалната заштита во ова време на сериозна инфлација, како и енергетска и економска криза беше дел од нашиот фокус. За прв пат во општината воведовме мерка со која на секое семејство кое ќе има новороденче му се доделува еднократна парична помош, како и еднократна парична помош за секое прваче. Додека за најранливите категории воведовме социјален пакет кој овозможува над 3000 семејства да добијат диреткна финансиска поддршка од општината.

Ако некој денес после една година од мандатот ме праша: што е она што посебно ќе ја одбележи мојата работа во првата година, без размислување ќе кажам дека тоа е заштитата на животната средина. Исчистивме над 70 диви депонии од јавните површини низ општина Гази Баба. Засадивме над 5000 нови садници во само една година. Во првите неколку дена од мандатот донесов решение со кое ја запрев постапката за отворање на нов хемиски отпад во нашата Гази Баба, нешто што претходното раководство на општината го беше започнало. Воведовме субвенционирање на граѓаните за набавка на велосипеди и електрични тротинети, како и субвенции за чистење на оџаци и вградување на уреди за течен нафтен гас на возилата. Двојно ги зголемивме средствата за субвенции на граѓаните за инвертер клима

уреди и печки на пелети. Вложуваме големи финансиски средства во изградба на подземната комунална инфраструктура. И затоа велам 2022 година за општина Гази Баба е година на животната средина.

За прв пат по долги години жителите на Раштак ова изминато лето немаа недосток на вода за пиење.

Проектите наведени во ова обраќање само еден мал дел. Реализирани се и многу други проекти во сите области на општественото живеење. И затоа Ве повикувам да го прочитате отчетот и самите да ја согледате разликата. Гази Баба се менува.

Почитувани сограѓани,

Не велам дека се е направено. Пред нас престои уште многу работа.

Сеуште имаме населени места без фекална канализација и асфалтирани улици. Училишта без училишни сали, дечиња на листи за чекање за упис во градинки. Но ова е нашиот голем заеднички почеток. Овој отчет на 80 страници е мојот гарант пред Вас дека секое дадено ветување ќе биде реализирано!

За тоа го имате мојот збор!

Ваш градоначалник,

Бобан Стефковски

# *ИНФРАСТРУКТУРА И КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ*

**Организирање и квалитетно вршење на комунални дејности и стопанисување со објекти на комуналната инфратсруктура од локален каркатер, кои се протегаат или служат за давање на комунални услуги на подрачјето на општина Гаиз Баба е од круцијално значење. Инфраструктурната реализација на проектите во рамките на повеќе области, остварена од општинските служби, е една од целите кон кои неуморно се стремевме да ги реализираме.**

- ## *Асфалтирање и реконструкција на улици*



Асфалтирањето се врше плански низ сите населни места во општината. Асфалтиравме локални улици во Инџиково, Идризово, Стајковци, Јурумлери, Трубарево, Ергеле, Ченто, Кирил Петрушевски, Економија, Трубарево, Булачани и Колонија. Асфатиравме локални улици во вкупна должина од 15.863 м² .




Активностите за асфалтирање на локални улици се реализираат по план и програма. Во следниот период ќе се работи на реализација на нова инвестиција во градежни активности за асфалтирање на локални улици во многу населени места низ општина Гази Баба.

Во изминатите 365 дена извршивме ревитализација и асфалтирање на следните улици :



- Идризово (пат до гробишта) 845,60м$^2$
- Јурумлери ул. 4 асфалтирано 949,90м$^2$
- Јурумлери ул. 11 асфалтирано 1500м$^2$
- Трубарево ул.22 асфалтирано 1545м$^2$
- Трубарево ул.9 асфалтирано 423,5м$^2$



- Ергеле ул.1 асфалтирано 294м$^2$
- Кирил Петрушевски крак од ул.Боривое Милошевски асвалтирано 360,31м$^2$
- Кирил Петрушевски крак од ул. Вера Радосавлевиќ асфалтирано 217,17м$^2$



- Инџиково крак 2 асфалтирано 640м$^2$
- Инџиково ул.6 краци 1,2,3,4 и 5, ул.4 крак 1, асфалтирано 679м$^2$
- Ченто Ј.М.Бригади краци 6,7,8 и 9 асфалтирано 1134м$^2$
- Ченто ул. Сава Михајлов крак 2 и 10 асфалтирано 538,10м$^2$
- Ченто (новиот парк) асфалтирано 625,28м$^2$



- Стајковци (Попово Маало) ул.4 со краци асфалтирано 1994,16м²
- Економија ул.М.А.Ченто бр.9 (припремни работи на улицата со тампонирање), м³ 527



- Трубарево ул.5 со краци во должина од 1800 м²
- Булачани ул.5 со краци во должина од 1100 м²
- Колонија ул.1 со краци во должина од 950 м².







- ***Фекална канализација***

- **Изградба на фекална канализација во н.м. Гоце Делчев**



Во населеното место Гоце Делчев комплетно ја изградивме втората фаза за изградба на фекална канализација во должина од 680 метри. Вкупната инвестиција за втората фаза изнесува 4.078.124 ден. Во моментов во тек се градежни активности за изградба на третата фаза на фекална канализација во должина од 750 $м^2$ . Вкупната инвестиција на третата фаза изнесува 4.194.692 ден. Изминатите 365 дена во населеното место Гоце Делчев изградени се 1430 метри фекална канализација со вкупна инвестиција од 8.272.816 ден.

- **Изградба на фекална канализација во н.м. Јурумлери**

Во тек е изградба на фекална канализација н.м Јурумлери. Во склоп на канализацијата се наоѓаат вакуум и пречистителната станица. Во оваа фаза од изградбата се врши приклучување на индивидуалните семејства. Досега извршена е изградба на секундарна мрежа на фекална канализација во должина од 1500 метри.



- **Изградба на фекална и атмосферска канализација во н.м. Страчинци**

Во н.м Страчинци заврши првата фаза од изградбата на фекалната канализација во должина од 700 метри. Вредноста на инвестицијата за изведбата на првата фаза е 5.104.204,99 денари, средства од буџетот на општина Гази Баба.



- **Изградба на секундарна фекална мрежа и пречистителна станица за комунални отпадни води во н.м. Смилковци**



Комплетно заврши изградбата на секундарната мрежа на фекална канализација во населеното место Смилковци во должина од 1780 метри. Дополнително заврши изградбата и на пречистителната станица инвестиција вредна 20.227.471 денари.
Вкупната инвестиција за секундарната мрежа и пречистителна станица во ова населено место изнесува 30.840.221 денар.

- **Изградба на фекална канализација во н.м. Црешево**

Во изминатата една година во населеното место Црешево комплетно ја завршивме изградбата на првата фаза на фекална канализација во должина од 880 метри. Инвестицијата во првата фаза е во вредност од 12.214.533 денари. Во тек е изградба на втората фаза за фекална канализација во населеното место Црешево во должина од 1850 метри. Вредноста на инвестицијата за изградба на втората фаза изнесува 20.000.000 денари. Во изминатите 365 дена во населеното место Црешево се изградени 2730 метри нова мрежа на фекална канализација. Вкупната инвестиција изнесува 32.214.533 денари, средства од буџетот на општина Гази Баба.



- **Изградба на фекална канализација во н.м. Трубарево и Чукур Маало**

Во тек се градежни активности за изградба на четвртата фаза од фекалната канализација во населено место Чукур Маало и Трубарево во должина од 830 метри. Вкупната инвестиција изнесува 5.568.683 денари, средства од буџетот на општина Гази Баба.



- **Во рамките на капацитети за водоснабдување превземени се следните активности во населените места:**

- Во Виниче се поставија хидранти на постоечка мрежа, се направи реконструкција на улична мрежа во место викано Црвеника 170м и направивме реконструкција на хлоринаторна станица.

- Во Црешево беше извршена санација на резервоар за вода и реконструкција на водоводна мрежа место викано Црвеника 350м

- Во Булачани беше превземена водоводна мрежа и воведена котрола и инспекциски надзор со која загубата на вода е сведена на минимум и е надминат долгогодишниот проблем со недостаток на вода за пиење и реконструкција на хлоринаторна станица



- Во Раштак се превземаа активности за поврзување на бушотина на вода со резервоар, поставување на нови примарни мрежи за водоснабдување во дожина од 800 м.

- Изградивме нова секундарна мрежа во должина од околу 2000м и изведба на приклучоци на околу 250 објекти и домаќинства. За прв пат ова лето по 20 години Раштак немаше недостаток на вода.

## Прв голем мултифункционален парк во Триангла

На површина од 2000 м² во населба Маџари – Триангла го изградивме првиот голем мултифункционален парк во рамки на кој има повеќе содржини и тоа :

- парк за миленици
- детско забавно паркче
- фитнес зона на отворено
- урбана опрема и летниковец.

Во рамки на паркот извршено е комплетно холтикултурно уредување, изградени се патеки со павел елементи, ново улично осветлување и повеќе функционална фонтана. Изградбата на овој парк општина Гази Баба ја реализира во соработка со компанијата Макстил.










## Обновен паркот „Скулптура“ во Автокоманда

Гази Баба доби нов уреден парк, каде граѓаните ќе можат да го минуваат слободното време и да се рекреираат. Во н. Автокоманда на површина од 4.200 м2 со нови тревници, урбана опрема и ново осветлување, целосно беше обновен паркот „Скулптура“.

При уредувањето на паркот направени се повеќе интервенции на целата вегетација, нанесена е високо квалитетна почва, формиран е тревник со систем за полевање капка по капка, поставени се хидранти и прскалки, со што ќе се овозможи континуирано одржување на зеленилото во паркот.

Обновувањето на паркот е во соработка помеѓу општина Гази Баба и Град Скопје, а активностите ги реализираа ЈП Паркови и Зеленило и ЈКП Гази Баба 2007.






## Нов зелен парк во Ченто со ново детско катче и комплетно го реконструирано кошаркарското игралиште

На површина од 5000 м² во Ченто, веднаш до ООУ Крсте Мисирков општина Гази Баба во соработка со ЈП Паркови и зеленило изгради комплетно нов зелен парк. Во рамки на паркот од страна на општина Гази Баба се изгради ново детско катче на современа тартан подлога, беше извршена комплетна реконструкција на постоечкото кошаркарско изгралиште. Изградивме асфалтирани пристапни пешачки патеки и беше поставена урбана опрема низ целиот простор.

Од страна на ЈП Паркови и зеленило и Град Скопје се изврши хортикултурно уредување на површината и беа изградени 2 летниковци.









# *СПОРТ И СПОРТСКИ АКТИВНОСТИ*

## Учениците од ООУ „Григор Прличев“ и ООУ „Дане Крапчев“ со комплетно реконструирана училишна спортска сала

Изминатата една година извршивме комплетна реконструкција на училишните сали во ООУ „Григор Прличев“ и ООУ „Дане Крапчев“. Во рамки на реконструкцијата во двете сали се постави современа гумена подлога, рипстови, нови реквизити и справи за вежбање, беа извршени и молерски работи.

Учениците добија најсовремени услови за реализација на часовите по физичко и здравствено образование.





## Во завршна фаза е изградбата на новата училишна сала „Бобан Стојменовиќ“ во населеното место Стајковци

Во тек се градежни активности за завршување на изградбата на новата училишна сала „Бобан Стојменовиќ“ во ООУ „Кирил и Методиј“ во Стајковци. Се реализираат четири фази за до изградба кои во изминатиот период биле испуштени. На предлог на градоначалникот Бобан Стефковски, Советот на општина Гази Баба донесе одлука училишната сала да го носи името Бобан Стојменовиќ, херој од населеното место Стајковци кој го загуби својот живот во одбрана на Република Македонија.

## Парк шумата Гази Баба збогатена со нови содржини за рекреација и пријатен престој за посетителите

Во Парк шумата „Гази Баба“на повеќе локации поставивме нови парковски елементи изработени од дрво.




Два нови видиковци, а изработени се и два големи рекреативни елементи, еден мал рекреативен елемент, како и дрвена куќичка за деца и пет комплети на маси со клупи.

Во паркот е уреден и нов парк за домашни миленици со соодветни реквизити и нуди одлични можности за нивна рекреација.

## Мултифункционално игралиште во Маџари

Мултифункционално игралиште во Маџари е изградено на најсовремена тартан подлога. Ова е првото од вкупно седум игралишта кои се изградија на територија на општина Гази Баба.





## Стајковци добива спортски комплекс "Иван Илиев"



Со изградбата на овој спортски комплекс младите од Стајковци добиваат најсовремен терен за мал фудбал на подлога од вештачка трева, ново кошаркарско игралиште на кое ќе може да се вградуваат елементи за тенис и одбојка.

Советот на општина Гази Баба ќе донесе Одлука со која овој спортски комплекс ќе го носи името на Иван Илиев, дете кое загина во поплавите кои ја зафатија општина Гази Баба во 2016 година.

## Пуштено во употреба игралиштето во Керамидница

Жителите на Керамидница добија нов терен за спортување и рекреација, спортско игралиште со најсовремена тартан подлога на кои се поставени нови табли за кошеви и обрачи, како и две стативи за мал фудбал.



## Нова Колонија доби современ терен за кошарка со тартан подлога

Жителите на населеното место Нова Колонија добија насовремен терен со тартан подлога на кој ќе може да спортуваат и рекреираат.





### Пуштено во употреба новото спортско игралиште на подлога од вештачка трева во Страчинци



Пуштено во употреба новото игралиште на подлога од вештачка трева во дворот на ООУ „Кирил и Методиј“.

Изминатиот период се инвестираше и во училишниот двор каде што се изгради плочник од павер елементи, беше поставена урбана опрема и целосно се изгради потпорниот ѕид.

## Населеното место Гоце Делчев доби спортски терен на тартан подлога

Во изминатата една година и во населеното место Гоце Делчев се изгради најсовремен терен на тартан подлога со кој жителите добија ново место за спорт и рекреација.

## Жителите на Кирил Петрушевски добија нов спортски терен, детско катче и нова урбана опрема.

Во населеното место Кирил Петрушевски изградивме катче за спорт и рекреација во рамки на кое се изгради спортски терен на современа тартан подлога. Изградивме нови елемнети на детското забавно катче и се постави комплетно нова урбана опрема. Со реализацијата на овој проект жителите на Кирил Петрушевски добија модерен, урбан простор на кој ќе можат да го поминуваат своето слободно време.



- ***Тротоари и патеки***

На територија на општина Гази Баба се изградија на повеќе локации патеки со павер елементи. Железара, Автокоманда, Ченто, Триангла, Стајковци, Булачани, Црешево , Виниче и останатите населени места изминатиот период добија нови пешачки патеки, а во периодот кој следува ќе продолжиме со работа и останатите населени места на општината да добијат патеки со павер елементи.

Изградивме пешачки патеки со вкупна површина од 2934 $м^2$. Вкупната инвестиција од буџетот на општина Гази Баба изнесува 13.500.000 денари.







## Заврши изградбата на пешачката и велосипедска патека на кејот на реката Вардар

Изградена е патеката во должина од 2000 метри на кејот на реката Вардар. Оваа патека е уште една можност за спортување и рекреирање на граѓаните на општина Гази Баба.

Во следниот период се работи на подготовка на документацијата за продолжување на патеката кон другите населени места.



- ***Тампонирање***

Во изминатата една година извршивме тампонирање на локални улици во повеќе населени места низ општина Гази Баба . Вкупно тампонирана површина во изминатите 365 дена изнесува 3570м².





- ***Сообраќај***

Поради зголемена безбедност на учениците пред основните училиштата „25 Мај“ , „Крсте Мисирков“, „Дане Крапчев“ и „Стив Наумов“ поставени се успорувачи на сообраќајот.





# *Нов хемиски третман на отпад во општина Гази Баба нема да има !*

Во соработка со стручни лица од областа на урбанизмот и заштитата на животна средина, спроведена е ревизија на постапката и содржината на три урбанистички проекти, по што е потпишано Решение за запирање на постапката за одобрување на три урбанистички проекти вон опфат на урбанистички план со намена Е3.1 - Постројки за термички, физички - хемиски и хемиски третман за неопасен отпад. Нов хемиски третман на отпад во општина Гази Баба нема да има.

Заштитата на животната средина е на врвот на нашите приоритети.

# *ЖИВОТНА СРЕДИНА*

- **Постојан инспекциски надзор во вечерните часови**



Општината воведе постојан инспекциски надзор во вечерните часови и во викендите, со цел превенција и спречување од согорување и депонирање на отпад на јавни површини.

- **Спроведена акција за расчистување на локалитетот „Острово“ во Трубарево**

Инспекциската служба на Општина Гази Баба во соработка со Јавното претпријатие „Гази Баба 2007“ и Шумарскиот факултет организираше акција за расчистување на локалитетот „Острово“ во Трубарево.



Локалитетот претставува целина составена од три дела.

- **Дендро-парк Арборетум**
- **Локалитет Езерце**
- **Локалитетот Острово**

Во рамките на акцијата беше расчистена голема количина на отпад создадена од лица кои незаконски го користат просторот за одгледување на добиток и напасување на истиот. Локалитетот беше расчистен од страна на ЈКП Гази Баба 2007 а на терен ќе има постојано присуство на инспекциските служби со цел да се спречи понатамошно деградирање на заштитеното подрачје.

- **Еколошка акција за чистење под мото "Пријателство со природата"**

Општина Гази Баба во соработка со амбасадата на Република Словенија во Република Македонија реализиравме еколошка акција за чистење на Парк шумата Гази Баба под мотото "Пријателство со природата".

Оваа акција се организира во рамки на активностите кои ги организира општина Гази Баба по повод Меѓународниот ден за заштита на животната средина.









- **Го одбележуваме Светскиот ден за заштита на животната средина**

Под мотото "Гази Баба се грижи за животната средина" се одвиваа активности за одбележување на Светскиот ден за заштитата на животната средина заедно со друштвото за управување со отпад - Нула отпад го организиравме денешниот настан на кој заедно со ученици од општинските основни училишта "Дане Крапчев" и "Стив Наумов" испративме порака за заштита на животната средина.





На територија на општина Гази Баба, досега се засадени над 4000 нови садници, исчистени се над 60 диви депонии од јавни површини, доделуваме субвенции за електрични тротинети, велосипеди, инвертер клима уреди.

Претставниците на Нула - Отпад и учениците низ Автокоманда поделија платнени торби како соодветни и замենски за пластичните ќеси.

Низ општина Гази Баба се поделени над 2000 платнени торби кои ги изработија Нула - Отпад и општина Гази Баба.





- **Акција за расчистување на хаварисани возила во н. Железара**

Во општина Гази Баба се спроведуваат акции за подигнување на хаварисани возила во населбата Железара и останатите населени места, каде се отстрануваат сите хаварисани возила кои се оставени на јавна површина во соработка со ЈП Градски Паркинг Скопје.





- **Засадени нови 3200 садници во Сарачево**

Во соработка со Здружението на граѓани Treebanks, Македонски шуми, Шумарски факултет и Јавното комунално претпријатие ГАЗИ БАБА 2007, спроведена беше акцијата за пошумување на дел од падините на Скопска Црна Гора во месноста наречена Сарачево, во близина на населено место Раштак.

Во рамките на акцијата се насадија 3200 садници од листопадни видови на дрвја- јасен и багрем и почеток на поголем проект со крајна цел озеленување и пошумување на цело ерозивно подрачје на територија на Општина Гази Баба.

Заклучно со денешната акција се засадени над 4000 нови садници на територија на општина Гази Баба.







## Акција за разеленување на училишниот двор во ОО Григор Прличев

Во општина Гази Баба се реализираше акцијата за засадување на 130 декоративни дрва во насока на реализација на проектот "Зелена Општина Гази Баба". Компанијата Макстил уште еднаш ја докажа својата општествена одговорност со донација на садници, а учениците од основното училиште „Григор Прличев“ помогнаа во засадувањето на истите во училишниот двор. Наша заедничка цел е за четири години од денес, да имаме засадено 500.000 садници.





## Изработка на Катастар на зеленило

Во 2018 година беше донесен Законот за урбаното зеленило (“Службен весник на Република Македонија” бр. 11/18) со што се постави правна рамка за изработка на попис на урбаното зеленило во нашата држава како еден од чекорите за подобро управување со јавното зеленило. Општина Гази Баба за да биде уште поеколошка, почиста како и да стане поотпорна на климатските промени и другите еколошки предизвици годинава за прв пат започна со изработка на Катастарот на зеленило. Целта на овој катастар е попис и формирање дата база на урбаното зеленило во Општина Гази Баба. Ќе се спроведе преку преку иницијален попис на целокпното зеленило (дрвја и грмушки) , нивно гео-референцирање и интеграција во базата на урбаното зеленило на Општина Гази Баба.


Чиста општина за сите !
ЈКП "ГАЗИ БАБА 2007"
ЈАВНО КОМУНАЛНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
ГАЗИ БАБА 2007
Јавното комунално претпријатие Гази Баба - 2007,
кое е во состав на општината,
континуирано работи за зачувување,
унапредување и разубавување на
населените места во Гази Баба

## Исчистени 70 диви депонии на јавни површини на територија на Општина Гази Баба

Во изминатите 365 дена на територија на Општина Гази Баба беа исчистени 70 диви депонии создадени на јавни површини. Дел од исчистените депонии се :

- Депонија во Идризово покрај православните гробишта
- Депонија во Јурумлери кај ромското маало
- Депонија во Јурумлери кај надвозникот во Дунек
- Депонија во Трубарево (Чукур Маало)
- Депонија во Трубарево кај игралиштето за голем фудбал покрај регионалниот пат
- Депонија во Ергеле кај факултетското стопанство
- Депонија во Хиподром, кај хиподромот патот кон општина Илинден
- Депонија кај железниот мост што го поврзува Хиподром со Инџиково
- Депонија во Хиподром пред зградите што се покрај автопатот
- Депонија на влезот во Хиподром од десна страна
- Депонија кај КАРАТ М во Маџари
- Депонија во Вардариште спроти кванташки пазар
- Депонија на Перо Наков кај Караорман
- Депонија кај Шмеки во Триангла
- Депонија во Триангла кај отпадот на коли
- Депонија во Кадриово маало кај железниот мост од страната на Инџиково
- Депонија под мостот што ги поврзува Маџари и Ченто
- Депонија во Инџиково кај Џамијата
- Депонија во Инџиково кај Бототи и детското игралиште
- Депонија во Ченто кај старото кино
- Депонија кај хангарите во Ченто кај Макоил

- Депонија во Керамидница на кејот на реката Вардар
- Депонија во Страчинци на влезот од десната страна на селото
- Депонија покрај патот за гробиштата Камник во Ченто
- Чистење на депонијата во Стајковци покрај обиколницата
- Чистење на депонија во Керамидница кај Бриколаж
- Чистење на депонија во Инџиково од МЗ Питу Гули до Железниот Мост
- Чистење на депонија во Керамидница на ул.519
- Чистење на депонија во Керамидница кај Топланата на БЕГ






## *ЈКП ДОБИ НОВА МЕХАНИЗАЦИЈА И ОПРЕМА*

Јавното комунално претпријатие Гази Баба 2007, доби нова опрема во вредност од 2.700.000 денари, средства од буџетот на општина Гази Баба.




Новата опрема се состои од 6 контејнери за кабаст отпад и камион со капацитет од 6м3 по контејнер, и еден камион за подигање на кабаст отпад ИВЕКО. Контејнерите се поставуваат според распоред по Урбаните и Месните заедници, каде граѓаните ќе можат да го одложуваат својот покрупен и кабаст отпад.

### Новонабавени алати за потребите на работилница



- Компресор за фарбање
- Перач на возила под притисок
- Комплетен батериски алат за работа на терен ( бормашина,брусилка...)
- Комплетно е обновен застарениот рачен алат со нов
- Абрихтер за дрво
- Столна Дупчалка
- Мала и голема брусилка
- Комплет бурмашина за бетон со додатоци
- Стабилен циркулар
- Стабилна пила за метал
- Апарат за заварување ЦО2

- Бензиски тример
- Моторна пила за дрва
- Машина за бележење на пешачки премини





**АКЦИИ ЗА СОБИРАЊЕ НА КАБАСТ ОТПАД ВО СИТЕ НАСЕЛЕНИ МЕСТА**

Акции на ЈКП Гази Баба 2007 за собирање на кабаст отпад низ сите населени места во општина Гази Баба се одвива во континуитет и систематски со цел да се оовозможи поздрава и почиста животна средина.






**Урбана опрема и уредување**

Изградба на летниковци:

- ✅ Железара, Виниче, Црешево,Триангла

**Поставување на нови клупи**



- н. Железара
- ✅ 20 нови клупи
- ✅ 60 репарираниво



- н, Автокоманда со н. Керамидница
- ✅ 58нови клупи
- ✅ 133 репарирани

- н. Ченто ,н.м. Инџиково со село Сингелиќ
- ✅ 60 нови клупи
- ✅ 147 репарирани




- на потегот од н.м. Стајковци до н.м. Раштак
- ✅ 46 нови клупи
- ✅ 96 репарирани



- Населба Триангла, Маџари и Хиподром
- ✅ 62 нови клупи
- ✅ 98 репарирани

- на потегот од н.м. Ергеле до н.м. Дрма
- ✅ 55 нови клупи
- ✅ 72 репарирани

### Поставување на нови фонтани за вода



- ООУ Григор Прличев н.Железара
- Плоштад Филип Втори ,Автокоманда
- Плоштад Стајковци, с Стајковци
- Н.Хиподром
- Кино Маџари, Маџари
- Парк ООУ Стив Наумов, Триангла



### Поставување или промена на канти за цебен отпад

- Железара - 39 канти
- Автокоманда со Керамидница - 198
- Ченто, Инџиково со Сингелиќ - 236
- На потегот од Стајковци до Раштак - 243
- Триангла,Маџари и Хиподром - 140
- Делот од Ергеле до Дрма - 284

## Улично осветлување



- Промена на околу 650 светилки
- Реставрација на оштетени линии од улично осветлување - 90
- Реставрација на светло на игралишта - 7

## Поставени 4163 штедливи лед светилки

Изминатата една година во урбаниот дел во општина Гази Баба се изврши комплетна промена на уличното осветлување со поставување на 4163 штедливи лед светилки. Со оваа постапка општината доби и современ смарт систем за управување со уличното осветлување.

## *УРБАНИЗАМ И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ*

Планираното и урбано уредување на населените места е дел од стратешките цели за поуредна и компактибилна целина како во урбаните така и во руралните средини на општината.



Овој период ги одбележа низата решенија кои следствено подразбираат зголемена ефиксност во работата на општинската администрација.

## *КОМУНИКАЦИЈА СО ГРАЃАНИ*

Жителите на општина Гази Баба своите проблеми, интереси и недоразбирања можат да ги остварат преку комуникација со соодветните сектори на општинската администрација. Процесот на прибирање на податоци, како и соодветната поддршка и соработка со граѓаните е релевантен процес за правилно развивање на општината во насока на изградба и одржување на довербата кај граѓаните.





# РЕАЛИЗИРАНИ ПРОЕКТИ ЗА ПРВ ПАТ



Субвенции на граѓани за навабка на инвертер клими уреди

Субвенции на граѓани за чистење на оџаци





Субвенции на граѓани за набавка на печки на пелети

# РЕАЛИЗИРАНИ ПРОЕКТИ ЗА ПРВ ПАТ

Субвенции на граѓани за набавка на тротинети





Субвенции на граѓани за набавка на велосипеди

Субвенции на граѓани за вградување уреди на течен гас во возилата



# РЕАЛИЗИРАНИ ПРОЕКТИ ЗА ПРВ ПАТ





**Општина Гази Баба оваа година субвенционираше ученици кои преку основните училишта се пријавија да учествуваат на летен камп.**



За прв пат на 3 и 4 септември на плоштадот Коцка – Автокоманда“ се одржа Хип Хоп Фест во организација на Општина Гази Баба и Домот на култура „Димитар Влахов“



# РЕАЛИЗИРАНИ ПРОЕКТИ ЗА ПРВ ПАТ




Од 01 јануари 2022 година секое семејство од општина Гази Баба кое има новороденче добива еднократна парична помош од 5000 денари, средства од буџетот на општина Гази Баба.

За секое семејство еднократна парична помош од 3000 денари кое во 2022/23 година ќе имаат дете запишано во прво одделение во основните училишта во општината.





# РЕАЛИЗИРАНИ ПРОЕКТИ ЗА ПРВ ПАТ

Општина Гази Баба спроведе нов концепт на пишување на буџетот на општината што значи граѓаните да го имаат последниот збор за начинот како ќе се трошат нивните пари.




Пред донесување на Буџетот за 2022 имавме прстигнати вкупно 750 идеи и предлози од граѓаните, од кои повеќето беа вградени во Буџетот.



За прв пат годинава во општина Гази Баба се овозможи пренос во живо од седниците на Советот на општината. Транспарентноста и отчетноста кон граѓаните ни се начела по кои се водиме како општина.

# РЕАЛИЗИРАНИ ПРОЕКТИ ЗА ПРВ ПАТ

Секое основно училиште од општината спроведе постапка согласно утврден правилник и избра првенец на генерација која оваа година го завршува основното образование на кои им доделивме по 3000 денари.



Во училишниот двор на ООУ "Григор Прличев" во н. Железара се одржа за прв пат во Гази Баба спортскиот настан- детска атлетика, кој





беше организиран во соработка со Атлетската федерација на Македонија.

## *ОБРАЗОВАНИЕ*

### Отворање на сензорна соба во ООУ „Дане Крапчев“

Дел од проектот "Биди ИН, Биди ИНклузивен, Биди ИНклудиран" овозможена е сензорна соба во Основното училиште „Дане Крапчев“ финансирана од Европската унија и проектот "И јас имам глас".





### Катче за учење и дружење на учениците помеѓу часовите во ООУ „Стив Наумов“

Во општинското основно училиште „Стив Наумов“ во Автокоманда, се отвори клуб за учење и дружење, кое претставува уште едно катче во кое учениците ќе можат да учат и другаруваат помеѓу часовите.





## Посета на ученици во општината за запознавање со работата на градоначалникот и општината

Учениците од основните училишта во Гази Баба секоја година одат во посета на општината, при што имаат можност да се запознаат со работните активности на градоначалникот и работата на Советот на општина Гази Баба, а воедно да се запознаат со функционирањето на општинската администрација.



## Посета на средношколци за запознавање на работата на Секторот за финансии

Ученици од средното економско правно училиште „Васил Антевски Дрен“, кои го изучуваат новиот предмет "Буџетско сметководство" се запознаа со начинот на програмирање на буџетот на општината, како и со начинот и постапката на исплата на средства од буџетот.



## ПОДОБРУВАЊЕ НА УСЛОВИТЕ ЗА РАБОТА ВО УЧИЛИШТАТА

Во континуитет се работи на подобрување на материјално техничките услови за работа и одржување на постоечките ресурси и притоа се реализираа бројни активности во сите основни училишта за непречено одвивање на наставата, како:

- Набавка на персонални компјутери и принтери за секоја училница за непречено реализирање на наставата

- Спроведување на водоводна и одводна мрежа во кабинетите во училиштата

- Изградба и опремување на спортски терени со потребна спортска опрема во салите и вештачка трева на терените

- молерофарбарски работи во училишните објекти: варосување и глетување на простори и филскутурни сали, поставување на гипс картони, фарбање на радијатори и цевки, менување на дотраени и оштетени тавански плочи, фарбање на огради, клупи, летниковец и слични активности.







## Гази Баба дел од проектот „Инклузија преку МКФ“

На 1-ви февруари 2022 година започна реализацијата на проектот „Инклузивна училница: МКФ како алатка за решавање на проблеми во тимот околу детето во образовен контекст“ („Инклузија преку МКФ“), во кој општина Гази Баба е една од учесниците во проектот, финансиран од страна на Европската унија, преку Ерзамус.
Целта на проектот е да се подобри квалитетот на образованието преку зголемена целна ориентација за учество и да ја подобри вклученоста и правичноста во образовниот процес.

## Доделени грантови за финансиска поддршка на студенти иноватори



Целта на проектот за студенти иноватори е поттикнување на студентите слободно да размислуваат и да наоѓаат креативни решенија за проблемите и прашањата со кои се соочуваат.

## Реализација на проектот "Водата живот значи"

Целта на овој проект "Водата живот значи" - зелени проекти - млади истражувачи на ООУ „25 Мај“ е придонес за развојот на екологијата и зачувувањето на чистотата на водата.



## Државното првенство во шах се оддржа во Гази Баба

Се одржа „Првенство на Македонија за млади во забрзан шах за 2021 година, во спортската сала „Методија Андонов Ченто“ на кое учествуваа најдобрите шаховски јуниори од цела Македонија.






## Се оддржа женски ракометен младински турнир

Во спортската сала „Методија Андонов Ченто“ се одржа женски ракометен младински турнир каде учество земаа екипи од Делчево, Куманово и Скопје.

## Футсал турнир

Општинскиот сојуз на училишен спорт на Гази Баба по повод одбележувањето на 45 години од формирањето на Општина Гази Баба организираше турнир во футсал-машки.





## Спортско - рекреативна и едукативна планинарска тура

Во организација на Општинскиот сојуз на училишен спорт на Гази Баба се одржа планинарска тура чија цел е афирмација и промоција на убавините на Скопска Црна Гора.



**Жителите на населеното место Кирил Петрушевски добија спортски терен на најсовремена тартан подлога, нови детски реквизити и урбана опрема.**

## Средба со Александар Илиевски




Александар Илиевски од општина Гази Баба пристигна четврти на целта на Охридскиот пливачки маратон.

Илиевски е пливач во далечинско пливање со врвни резултати во маратонското пливање.

## Каратистот Марко Филиповски со пласман за светско и балканско првенство



Марко Филиповски е член на Карате Клуб „Автокоманда“ и ученик во деветто одделение во ООУ„Дане Крапчев“ кој има освоено прво место во категорија кадети на куп на Македонија со што обезбеди пласман на светско првенство кое ќе се одржи во Турција во месец октомври и на балканско првенство кое ќе се оддржи во Црна Гора во месец ноември.



## Средба со Борко Ристовски

Во посета на општината беше ракометарот Борко Ристовски. На средбата се разговараше за плановите за развој на Гази Баба во областа на спортот и идните планови за подобрување и поттикнување на спортските активности во општината.

## Спортски активности за децата со атипичен развој

Општина Гази Баба во соработка со здружението ГА-БА-Скопје во спортската сала Крсте Мисирков организираше спортски активности за децата со атипичен развој.



## Општина Гази Баба беше домаќин на државното првенство во кошарка за жени

На овогодинешното државно првенство учениците од ООУ „Јосип Броз Тито“ од Струга го освоија првото место, а учениците од нашето ООУ „Вера Јоциќ“ од Хиподром го освоија второто место.



## Градоначалникот на средба со членови од Извидничкиот клуб Сидро

Претставници од Извидничкиот одред Сидро на средба во општина Гази Баба разговараа за воспоставување на соработка при реализација на проекти и активности и меѓудругото градоначалникот истакна дека општина Гази Баба ќе даде поддршка за организација на Меѓународниот извиднички ориентационен натпревар - Меморијал на Скопска Црна гора.



## 20ти Меѓународен карате турнир „Солидарност Опен“

Јубилејниот 20ти Меѓународен карате турнир се одржа во општина Гази Баба во организација на Карате клубот "Солидарност" Скопје, кој одбележа 30 години од своето постоење. Учество на истиот земаа над 700 натпреварувачи од голем број карате клубови.



## Одржан општинскиот атлетски натпревар

Се одржа општински атлетски натпревар во организација на општинскиот сојуз за училишен спорт на општина Гази Баба.

Преку атлетските вежби учениците стекнуваат физичка сила, издржливост, брзина и подвижност но исто така и ја усовршуваат и својата храброст, одлучност и упорност.




## 16ти Меѓународен турнир во стрелање ,,Гранд При Скопје''

На меѓународниот турнир во стрелање ,,Гранд При Скопје'', општина Гази Баба беше домаќин и покровител.



Натпреварувачите се натпреваруваа во стрелање со пиштол, револвер, пушка, снајперска ловна пушка и снајперска тактичка полуавтоматска пушка.

## Трет турнир во футсал во организација на „Железарец“

Во н. Железара во рамките на спортското игралиште се одржа третиот турнир во футсал во организација на клубот за мал фудбал Железарец.



## Затворање на училишните спортски лиги во Гази Баба



На училишните спортски лиги учествуваа над 800 ученици од основните училишта во општина Гази Баба, каде најуспешните добија дипломи и медали за постигнат спортски успех во учебната 2021 / 2022 година.

## Општина Гази Баба има балкански првак во карате

Јован Врклевски е балкански првак во карате со освоен златен медал во категорија борба до 45 килограми.

Ева Јовановска има бронзен медал и трето место во карате, категорија женски борби до 40 килограми.

За постигнатиот меѓународен спортски успех им беа доделени еднократна парична награда.



## Никола Петровски е државен првак во шах



Никола Петровски на 10 годишна возраст е државен првак во шах, ученик во ООУ "Наум Наумовски Борче" кој се натпреваруваше на државното првенство во шах во категорија до 10 години.

Тој по четврти пат оваа година е државен првак на Македонија во шах.



## Милијана Рељиќ на средба во Гази Баба

Милијана Релиќ која вежба во теквондо клубот „Тигри“ и е жител на општина Гази Баба, има постигнато врвни успеси во таеквондо спортот.

## Се одржа турнирот во фудбал за млади категории

"Гази Баба Куп 2022" во организација на Фудбалската федерација на Македонија, Здружението на граѓани "Спорт Јуниор" и Општинскиот фудбалски сојуз Гази Баба.



**Се одржа 15от турнир во мал фудбал во Маџари - Триангла кој се оддржува во чест на 8ми Септември, Денот на независноста на Македонија.**





**Се оддржа есенски крос во кои учествуваа повеќе од 300 ученици од општинските основни училишта во Гази Баба.**

Со овој крос ги започнуваме спортските активности кои се организираат во рамки на Сојузот на училишен спорт Гази Баба за новата учебна година.





# *КУЛТУРА И КУЛТУРНИ МАНИФЕСТАЦИИ*

## Пивтијада 2022

По повод големиот христијански празник Богојавление – Водици традиционално се одржува манифестацијата Пивтијада.

Манифестацијата е со хуманитарен карактер и средствата од продадените пивтии за 2022 годиниа беа наменети за потребите на Универзитетската клиника за детски болести во Скопје.









## Ѓурѓовденски чествувања во Гази Баба

Во дворот на Црквата Св. Ѓорѓи Победоносец во населеното место Трубарево се оддржа манифестацијата Ѓурѓовденски чествувања по повод празникот Ѓурѓовден кој е и црковна слава на населеното место.







## Гази Баба во чест на Гоце Делчев

По повод 119 години од смртта на идеологот на македонската революционерна борба Гоце Делчев, се одржа манифестацијата „Гази Баба за Гоце Делчев“.

Спасен Силјановски, Влатко Миладиновски, Групата Аманет и Милена Илиевска имаа одлична програма и изведба на песни и ора.



## Јубилеен концерт на Ансамблот за народни песни и ора „Јонче Христовски“

Јубилеен концерт по повод 20 годишното постоење на Ансамблот за народни песни и ора „Јонче Христовски“ се одржа во Домот на АРМ.

За општина Гази Баба овој ансамбл е организација која претставува респектибилен фактор во негувањето на македонскиот народен фолклор.



## Се оддржа 12от Меѓународен фолклорен фестивал

## Гази Баба 2022

Домаќин на дванаесетиот Меѓународен фолклорен фестивал “Гази Баба 2022” беше Ансамблот за народни песни и ора „Јонче Христовски“ од Автокоманда.

На фестивалот учествуваа и уметнички друштва од повеќе држави, Република Македонија фолклорниот ансамбл „Севдах“ од Врање, Р. Србија, КУД „Иван Капистран Адамовиќ од Чепин, Р. Хрватска и фолклорниот ансамбл „Пастрина“ од Монтана, Р. Бугарија.











## Манифестација „Во чест на Кирил и Методиј“

Со богата културно -уметничка програма во чест на Св."Кирил и Методиј" достоинствено го одбележавме патронот на Стајковци со настан кој општината го организира по повод селската слава на ова населено место.











## Музички хепенинг на плоштадот во Автокоманда

„Семејството е столб на општеството, а децата иднина на светот!“

Граѓаните на Гази Баба беа присутни на музичкиот хепенинг и ги проследија изведбите на популарните Поточиња и Ламбе Алабакоски, а истовремено имаше и забавно-едукативни содржини за најмладите посетители.








## Се оддржа манифестацијата “Денови на солидарноста“

Во паркот „Борис Трајковски“ се одржува манифестацијата „ДЕНОВИ НА СОЛИДАРНОСТА" по повод сеќавање на солидарноста и хуманоста која го изгради Скопје по големиот земјотрес кој на 26 јули во 1963 година го погоди нашето Скопје.





## 20та Регионална ревија на песни и ора во Гази Баба

20тата регионална ревија на песни и ора ја организираше Сојузот на пензионери на Македонија, а чиј домаќин е огранокот на Гази Баба.






## Ревија на народни носии, народни инструменти и песни Гази Баба 2022

Во н.м Црешево се одржа манифестацијата “Ревија на народни носии, народни инструменти и песни Гази Баба 2022” која е во рамките на програмата за Културно лето Гази Баба 2022ра година.

Носиите се дел од материјалната култура на македонскиот народ и претставуваат значајна гранка од народното уметничко творештво.









# Одбележани 31 година на независна и самостојна Р. Македонија

Во чест на 8ми Септември, Денот на независноста на Република Македонија, општина Гази Баба организираше голем музички настан за одбележување на независноста на Македонија на плоштадот во Автокоманда.

На настанот со музички изведби настапија: Бојана Скендеровски, Ламбе Алабаковски, Влатко Миладиновски и Некст Тајм.



# *СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА*

## Еднократна парична помош за лекување за жител на општината

Еднократна парична помош се доделува на лице или на семејство кое е во состојба на социјален ризик, како и на лице и семејство заради претрпена природна непогода или епидемија и подолго лекување во здравствена установа на член на семејството. Во општина Гази Баба оваа година  се одобрени 120 предмети за одобрување на еднократна парична помош.

**План за превземање активности за општа безбедност на граѓаните со Претставници од СВР – Скопје - одделение за превенција и Секторот за правни и општи работи - одделение за месна самоуправа, заштита и спасување.**

## Заштита и превенција на населението во Гази Баба

Во периодот кој следува тековно ќе се организираат и реализираат бројни активности со цел едукација и запознавање на граѓаните во насока на заштита од пожари, заштита од имотни деликти и слични проблеми.





Најефикасна мерка за справување со социјалната состојба на загрозените семејства, еднородителските семејства, дискриминацијата, невработените, болните и оние кои имаат потреба од финансиска помош, се проектите во областа на социјалната заштита на жителите на општина Гази Баба.

**Поделени беа 300 хуманитарни пакети во голема хуманитарна акција по повод Курбан Бајрам** во соработка со општествено одговорни луѓе и компании организира голема хуманитарна акција, во чии рамки на оваа акција се поделија 300 хуманитарни пакети со храна на семејства од муслиманска вероисповед.





За прв пат во 2022 година беа спроведени низа мерки како еднократна парична помош за новороденче во износ од 5000 денари и еднократна парична помош за секое прваче во износ од 3000 денари во општина Гази Баба.

# *СОРАБОТКА СО НЕВЛАДИНИ ОРГАНИЗАЦИИ И ЗДРУЖЕНИЈА НА ГРАЃАНИ*

За 2022 година за проекти на 38 здруженија на граѓани и фондации од локален интерес кои се одржуваат во Општина Гази Баба определена е финансиска поддршка во вкупен износ на сите проекти е 2.188.800,00 денари.



- Општинска организација Црвен Крст Гази Баба Скопје
- Здружение Форселект за екологија Скопје
- Здружение за едукација и подигање на социјална свест за подобар свет Скопје
- Здружение Иницијатива за европска перспектива Скопје
- Здружение за заштита на правата на децата ПОВРЗАНИ Скопје
- Здружение на граѓани за заштита и унапредување на родовата еднаквост РОДОСТ Скопје
- Здружение за еднакви можности и меѓуетничка соработка АЛ-МА Скопје
- Здружение за едукација, еманципација и остварување на правата на жените БИДИ ХРАБРА Скопје
- Здружение за образовно истражувачки развој ЕУ институт Скопје
- Студентски парламент на факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство (СП ФИНКИ) Скопје
- Здружение за развој на општествено-социјални иновации ВАКЕ-УП Скопје
- Здружение за промоција и поттикнување на информатиката Асоцијација на студенти и информатичари Скопје

- Мултиетничка организација за интернационални култури МОЗАИК- МЕИК Скопје
- Здружение за поддршка на лица од социјално загрозените категории ЗД ФЕНИКС ЕИД Скопје
- Центар за едукација на родители Здраво родителство Скопје
- Здружение за грижа и едукација на граѓани СЕ-ЛА-ВИ Скопје
- Здружение на граѓани за остварување и унапредување на човековите права, одржлив локален и рурален развој и прифаќање на културната различност ЕДИНСТВО НА ЗАЕДНИЦИТЕ Скопје
- Здружение на студенти и младинци со хендикеп Скопје
- Здружение за консалтинг, анализа, истражување и развој КОНСЕЈ Скопје
- Железничко Еколошко Здружение ОЗОН Скопје
- Здружение на граѓани Горанско друштво Скопје
- Центар за социјално претприемништво и одржливост ЗЕЛЕН ОКРУГ Скопје
- Центар за истражување, едукација, тренинг и интеграција на младите во општеството ЕУРО БРАИН Скопје
- Здружение за едукација и тренинг ЦЕТ ПЛАТФОРМА Скопје
- Здружение за општествена грижа и владеење на правото УРБАНО ОПШТЕСТВО Скопје




- Здружение на граѓани за заштита на жртви од семејно насилство Кризен Центар Надеж Скопје
- Здружение за развој на претприемништвото и туризмот КОНЦЕПТ ПЛУС Скопје
- Здружение Смисла Солутионс Скопје
- Институт Економија Либерален пазар и демократија МЕДИ Скопје

- Здружение на клуб на лекувани алкохоличари на Република Македонија
- Здружение на социјални работници на град Скопје
- Едукативен Центар ИДЕА Скопје
- Коалиција на младински организации СЕГА
- Здружение на граѓани за заштита на животната средина ЕКОЗВОН Скопје
- Здружение за социјални иновации и одржлив развој РАДАР Скопје
- Здружение на граѓани Сонцето од кутлеш
- Здружение на граѓани за промоција на неформално образование Тркало на прогресот Скопје
- Здружение на граѓани Нови Зраци Скопје





# *ПРОТОКОЛАРНИ СРЕДБИ*



Амбасадорот на Република Унгарија во Република Македонија Ласло Дукс беше во посета на општина Гази Баба со цел продлабочување и воспоставување на можности за поблиска идна соработка, како и за можноста за реализација на заеднички проекти од различни области.

На средбата со амбасадорот на Народна Република Кина во Република Македонија, Н. Е. Цанг Ѕуо се разговараше за постоење на можности за унапредување на соработката во повеќе области.



**Средба со пратениците во Собранието на Република Македонија, Жаклина Пешевска и Зоран Коцевски**

**Пратениците во Собранието на Република Македонија, Жаклина Пешевска и Зоран Коцевски остварија средба на која беа дискутирани капиталните проекти за општината, за чија реализација е потребно да се обезбедат финансиски средства од буџетот на Република Македонија.**





Општина Гази Баба беше покровител на големата хуманитарна акција "Биди општествено одговорен - ДОНИРАЈ", а со компаниите Макстил, Либерти Скопје, Пивара Скопје, Мак Аутостар и Виталиа се потпиша меморандум за соработка.



Во посета на општина Гази Баба беше делегација составена од инвеститор и преставници на конзулатот на Израел во Република Македонија кои се запознаа со можностите на индустриската зона Заобиколница, која нуди одлични услови, пред се за компаниите кои доаѓаат од лесната незагадувачка индустрија, дистрибутивни центри, логистички центри, магацини и сл.





Остварена средба со Поглаварот на Македонската Православна Црква Охридска Архиепископија, Архиепископ Охридски и Македонски Г.Г. Стефан на која се разговараше за повеќе теми за заедничка соработка помеѓу општина Гази Баба и МПЦ.

Бобан Стефковски избран за претседател на Скопски плански регион





**Столе Додевски е прогласен за најдобар полицаец за 2021 година, од полициската станица од општа надлежност Гази Баба.**

**Средба во општина Гази Баба се организираше по повод заминувањето на Амбасадорот на Унгарија во Република Македонија Н.Е. Ласло Иштван Дукс.**



**Работна средба со Н.Е. Милан Предан, Амбасадор на Република Словенија во Република Македонија и претставници од Земјоделски Институт – УКИМ Скопје, директорот проф. д-р Виктор Ѓамовски и проф. д-р Марија Ѓошева – Ковачевиќ.**



**Средба со претставници на турска компанија од Измир**

**Во просториите на општина Гази Баба се одржа средба беа претставници на турската компанија ARTI која се занимава со развој на недвижнини, со седиште во Измир Турција.**



**Градоначалникот Бобан Стефковски оствари средба со Харолд Фугер, Аташе за социјална политика на Австриската амбасада во Република Македонија, на која рзговараа на теми од областа на социјалната заштита, како и за можностите за идна заедничка соработка.**





Средба на учениците од училиштето за глуви и лица со посебни потреби Санта Марија, од главниот град на Романија, Букурешт со градоначалникот Бобан Стефковски.

# *РАБОТНИ СРЕДБИ*

Работните средби на градоначалникот со значајни претставници од разни области се пројавуваат како синтеза на работењето, сработеното и потребата за усовршување, сè со цел подобрување на работата и информирање на граѓаните за следните проекти и планирани можности за создавање подобро општество!

**На средба со Претседателот на Стопански комори Трајан Ангеловски**




**Оддржување и запознавање на градоначалникот преку неформални средби со новинари од повеќе медиуми**



**Арбен Тараварии на работна средба во општина Гази Баба**





**Претставници на Младински образовен форум и МЦГО кои се дел од тимот на проектот на УСАИД за меѓуетничка интеграција на средба во Гази Баба.**

## ЈП „Лајка“ во соработка со Гази Баба во служба на граѓаните



**Советот за превенција кој го формираше Гази Баба е во соработка со одделението за превенција при СВР Скопје реализираше повеќе активности во насока на намалување на имотните деликти и општиот криминалитет како и кампања за едукација на граѓаните за заштита од пожари, сообраќајна култура и сл.**



**Потпишана Декларација за подобрување и унапредување на положбата на женското претприемништво со претседателот на националната платформа за женско претприемништво и претставници на Сојузот на стопански комори на Македонија како проектен партнер на проектот.**



**Делегација од Гази Баба присуствуваше на Работна посета во Република Словенија на кој беа презентирани инвестициските потенцијали со кои располага општината и проектите кои се досега финансирани од меѓународните фондови.**

**На настанот потпишан беше и Меморандум за соработка помеѓу општините Иванчева Горица, Гросупље, Гази Баба и Илинден.**



**Директорот на ЈП Водовод и канализација, Златко Перински на работна средба во Гази Баба за подобрување на водоснабдувањето во општината и се решаваат проблемите со атмосферските и фекалните мрежи.**



**Потпишан меморандум за соработка со директорот на ЈП Паркинзи Бојан Христовски.**



**Средба со претседателот на здружението „Мир, слога, стабилност“ , Димитрије Недиќ за програмските цели и активностите на здружението и нивните следни чекори во афирмирањето и унапредувањето на правата на заедниците.**



**Општина Гази Баба е во постапка на реализација на добиен грант за ревитализација на локални улици во Хиподром 2**

**Се одржуваат средби во континуитет со граѓани во м.з. Јурумлери, Гоце Делчев, Крсте Мисирков, Маџари 2 и Јане Сандански.**



## *СОВЕТ*

### Донесен ребаланс на Буџетот

На седница на Советот на општина Гази Баба на која беше усвоен ребалансот на Буџетот се обезбедија:

- Нови 12.000.000 денари за рехабилитација и ревитализација на локални улици.
- 10.000.000 денари за изградба на фекална канализација во Трубарево и Чукур маало.
- 10.000.000 денари за изградба на трета фаза на фекалната канализација во Гоце Делчев
- 20.000.000 денари за изградба на втора фаза фекална канализација во Црешево
- 13.500.000 денари за изградба на фекална канализација во Смилковци
- 9.000.000 денари за изградба на училишната сала во Стајковци
- 10.000.000 денари за изградба на училишната сала во Булачани
- 13.000.000 денари за изградба на нова детска градинка во Керамидница
- 7.700.000 денари за изградба на нова детска градинка во Трубарево
- 4.000.000 денари за изградба и ревитализација на детски игралишта
- 5.000.000 денари за изградба на игралишта со тартан подлога
- 3.000.000 денари за изградба и реконструкција на игралишта со вештачка трева
- 1.000.000 денари за изградба на нова бушотина и нови пумпи за вода во Раштак
- 3.500.000 денари за поставување на фитнес справи на отворено и голем број на други проекти.

Нема да има населено место во кое нема да се реализираат проекти. На седницата на Советот донесе и одлука со која оддржувањето на јавното осветлување се пренесува во надлежност на ЈКП Гази Баба и со оваа одлука заврши времето на тендер - градоначалник во општина Гази Баба кога за само неколку месеци се трошеа над 11.000.000 денари за улично осветлување.

10.05.2022



Почитувани граѓани,

Заврши првата година од нашиот мандат како членови на Советот на општина Гази Баба.

Како претседател на Советот можам слободно да кажам дека изминатата година членовите на Советот на општина Гази Баба работеа посветено и одговорно. Дадовме максимална поддршка на градоначалникот на општина Гази Баба во реализацијата на зацртаните проекти и програми.

Сакам посебно да ја истакнам одличната соработа која Советот ја има со градоначалникот.

Мојата цел во изминатата година беше воведување на кохезија помеѓу советничките групи од различните политички партии и градење на консензус и единство по прашањата важни за граѓаните. Посебно сум среќна што во најголем дел од одлуките се донесени едногласно.

Овој отчет говори за посветената работа на градоначалникот и општинската администрација кој изминатата година се вложија макотрпно во реализацијата на голем број проекти.

210 реализирани проекти во само една година е број за почит.

Веќе нема проблеми за кои е невозможно решение. Гледаме како се решаваат децениските проблеми на граѓаните. Се градат нови мрежи на фекални канализации во повеќе населени места, жителите на Раштак немаат повеќе недостаток на вода за пиење. Спортски терени, нови паркови, детски катчиња, пешачки патеки, спортски сали и многу други проекти креираат еден нов лик за нашата Гази Баба.

Нека овој отчет биде еден голем почеток на една нова иднина за општина Гази Баба. А на тој пат, градоначалникот ќе ја има поддршката од Советот.

Дијана Илиевска

Претседател на Совет


OUR CLUB